# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

28 јануари 2025 | Излегува по потреба | Година XX | број 2



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - СКОПЈЕ, КОИ ИМААТ СТАТУС НА ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ, ПОМОШНО - ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ И АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА 2025 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје кои имаат статус на даватели на услуги, помошно - технички персонал и административни службеници за 2025 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28 јануари 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-462/1**
**од 28 јануари 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 11 став (1) точка 6 а во врска со член 37-ц од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), член 88 став (3) од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 2/17, 16/17, 11/18 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје кои имаат статус на даватели на услуги помошно - технички персонал и административни службеници за 2025 година, бр.02-24/4 од 17.01.2025 година, донесена од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Советот на Општина Гази Баба на педесет и треттата седница одржана на 28 јануари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ, КОИ ИМААТ СТАТУС НА ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ, ПОМОШНО - ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ И АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА 2025 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје кои имаат статус на даватели на услуги помошно-технички персонал и административни службеници за 2025 година, бр.02-24/4 од 17.01.2025 година, донесена од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба", а ќе започне да се применува со исплата на платата за јануари 2025 година.

**Број 09-351/3**
**од 28 јануари 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ТРИМЕСЕЧНИОТ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА И РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ, ЗА ЧЕТВРТОТО ТРИМЕСЕЧЈЕ ОД 2024 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за четвртото тримесечје од 2024 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28 јануари 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-462/2**
**од 28 јануари 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 5 став (3) од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за четвртото тримесечје од 2024 година, бр.02-24/5 од 17.01.2025 година, донесена од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Советот на Општина Гази Баба на педесет и третата седница одржана на 28 јануари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ТРИМЕСЕЧНИОТ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА И РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ, ЗА ЧЕТВРТОТО ТРИМЕСЕЧЈЕ ОД 2024 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за четвртото тримесечје од 2024 година, бр.02-24/5 од 17.01.2025 година, донесена од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-351/4**
**од 28 јануари 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ЈАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ КОИ ВРШАТ АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ, ДАВАТЕЛИТЕ НА ЈАВНИ УСЛУГИ, ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИОТ ПЕРСОНАЛ И ДИРЕКТОРИТЕ ВО ЈАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА ДЕЦА - ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА 2025 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи, давателите на јавни услуги, помошно-техничкиот персонал и директорите во јавните установи за деца - детски градинки во Општина Гази Баба, за 2025 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28 јануари 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-462/3**
**од 28 јануари 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 166-з од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22 и 17/25), член 88 став (3) од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 2/17, 16/17, 11/18 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на педесет и треттата седница одржана на 28 јануари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ЈАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ КОИ ВРШАТ АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ, ДАВАТЕЛИТЕ НА ЈАВНИ УСЛУГИ, ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИОТ ПЕРСОНАЛ И ДИРЕКТОРИТЕ ВО ЈАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА ДЕЦА - ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА 2025 ГОДИНА**

**Член 1**

Вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи, давателите на јавни услуги, помошно-техничкиот персонал и директорите во јавните установи за деца - детски градинки во Општина Гази Баба за 2025 година, изнесува 81,6 денари.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје и ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба", а ќе започне да се применува со исплата на платата за јануари 2025 година.

**Број 09-351/5**
**од 28 јануари 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ
НА ПРЕТСТАВНИЦИ ОД СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ ВО
УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУДГ ''ДЕТСКА РАДОСТ''
- ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за именување на претставници од советот на родители во управниот одбор на ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28 јануари 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-462/4**
**од 28 јануари 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 114 став (17) од Законот за заштита на децата (''Службен весник на РМ'' бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и ''Службен весник на РСМ'' бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22 и 17/25), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на педесет и треттата седница одржана на 28 јануари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИЦИ ОД СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУДГ ''ДЕТСКА РАДОСТ'' - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Во Одлуката за именување на претставници од советот на родители во управниот одбор на ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.17/21 и 11/22), во член 1 алинеја 1 зборовите ''АЛЕКСАНДРА ЃОРГИЕВСКА МИЌУНОВИЌ'' се заменуваат со зборовите **''ТОМИСЛАВ ДАНКОВИЌ''**.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-351/6**
**од 28 јануари 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА
БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА
ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА 2025 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2025 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28 јануари 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-462/5
од 28 јануари 2025 година
Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 2/17, 16/17, 11/18 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), а во врска со Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2025 година, бр.50-789/4 од 21 јануари 2025 година ("Службен весник на РСМ" бр.14/25), член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на педесет и треттата седница одржана на 28 јануари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА 2025 ГОДИНА**

**Член 1**

Вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници во општинската администрација на Општина Гази Баба за 2025 година, изнесува 81,6 денари.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба", а ќе започне да се применува со исплата на платата за јануари 2025 година.

**Број 09-351/7**
**од 28 јануари 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА**

1. Се објавува Буџетскиот календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 28 јануари 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-462/6**
**од 28 јануари 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 27 став (4) и став (5) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 22/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/2, 173/22 и 170/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на педесет и треттата седница одржана на 28 јануари 2025 година, донесе

## Б У Џ Е Т С К И К А Л Е Н Д А Р

## ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба донесе Буџетски календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година.

**Член 2**

(1) Со Буџетскиот календар на Општина Гази Баба се пропишува постапката и се утврдуваат роковите за планирање на активностите на општината за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година и се утврдуваат роковите во кои градоначалникот до општинските буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови кои општинските буџетски корисници ги доставуваат до градоначалникот.

(2) Со Буџетскиот календар се утврдуваат постапките и роковите во кои секторите треба да ги изготват поединечните Предлог-Планови на Програми за развој на општината за период 2026-2028 година, Предлог-Програмите за извршување на одделни активности во општината за 2026 година и Трошковниците за одделни расходи во 2026 година, како и процедурите и роковите во кои градоначалникот го доставува Предлог - Буџетот до советот на општината.

| МОЖЕН РОК | БУЏЕТСКИ АКТИВНОСТИ |
|---|---|
| 01.01-31.01.2025 година | 1.Советот на Општина Гази Баба го донесува Буџетскиот календар за изготвување на Буџетот за 2026 година. |
| 01.06-30.06.2025 година | 1.Известување од секторот за финансиски прашања до раководителите на секторите, раководителите на одделенијата и до одговорните лица за одредени активности за изготвување на Предлог-План на Програми за развој на општината за период 2026-2028 година, за изготвување Предлог-Програми за извршување на одделни активности во општината за 2024 година и за изготвување на Трошковници за реализирање на активностите за 2026 година. |
| | 2.Секторот за финансиски прашања доставува известување до општинските буџетски корисници со главните насоки за изготвување на финансиски планови за 2026 година. |

| | |
|---|---|
| 01.07-31.08.2025 година | 1.Изготвените Предлог-План на Програмите за развој на општината за период 2026-2028 година и Предлог-Програми за извршување на одделни активности во општината за 2026 година со проценка на трошоците за буџетската 2026 година и Трошковниците за реализирање на активностите за 2025 година, раководителите на секторите, раководителите на одделенијата и одговорните лица за одредени активности ги доставуваат до секторот за финансиски прашања. |
| | 2.Општинските буџетски корисници ги доставуваат финансиски планови за 2026 година до секторот за финансиски прашања. |
| 01.09-30.09.2025 година | 1.Предлог-Планот на Програми за развој на општината за периодот 2026-2028 година, Предлог-Програмите за извршување на одделни активности во општината и финансиски планови на општинските буџетски корисници за 2026 година и Трошковниците за реализирање на активностите за 2026 година се анализираат, се усогласуваат од страна на секторот за финансиски прашања и се поднесуваат до градоначалникот. |
| | 2.Секторот за финансиски прашања изготвува и предлага Трошковен план за 2026 година. |
| | 3.Секторот за финансиски прашања изготвува и предлага План за приходи за 2026 година. |
| 01.10-31.10.2025 година | Градоначалникот предложените Предлог-План на Програми за развој на општината за периодот 2026-2028 година, Предлог-Програми за извршување на одделни активности во општината за 2026 година и Предлог-Буџетот за 2026 година ги разгледува, ги анализира и ги усогласува со раководителите на секторите, раководителите на одделенијата и со одговорните лица за одредени активности, ги одобрува и ги доставува до советот на општината. |
| 01.11-15.11.2025 година | 1. Седница на советот на општината на која се усвојуват Предлог-Планот на Програми за развој на општината за периодот 2026-2028 година. |
| | 2. Седница на советот на општината на која се усвојуват Предлог-Програми за извршување на одделни активности во општината за 2026 година и Предлог-Буџетот за 2026 година и се дава достапност на јавноста со објавување на нивната содржина. |
| 15.11-30.11.2025 година | 1.Се одржуваат јавни расправи. |
| | 2. Се изготвува конечен Предлог-Буџет за 2026 година од страна на секторот за финансиски прашања и се доставува до градоначалникот. |
| 01.12-10.12.2025 година | Градоначалникот го разгледува и го одобрува конечниот Предлог-Буџет за 2026 година и го доставува до советот на општината. |
| 11.12-25.12.2025 година | Седница на советот на општината за донесување на Буџетот за 2026 година. |
| 01.01.2026 година | Започнува новата буџетска година. |

**Член 3**

Овој Буџетски календар влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-351/8**
**од 28 јануари 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА НАБАВКА И ВГРАДУВАЊЕ НА СОНЧЕВИ ТЕРМАЛНИ КОЛЕКТОРИ**

1. Се објавува Одлуката за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба, за набавка и вградување на сончеви термални колектори, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28 јануари 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-462/7**
**од 28 јануари 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на на член 22 став (1) точка 2 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на педесет и треттата седница одржана на 28 јануари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА НАБАВКА И ВГРАДУВАЊЕ НА СОНЧЕВИ ТЕРМАЛНИ КОЛЕКТОРИ**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

(1) Со оваа одлука се уредуваат конкретните условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства утврдени во Буџетот на Општина Гази Баба, со намена за надоместување на дел од трошоците направени при купување на сончев термален колектор.

**Член 2**

(1) Финансиските средства од член 1 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба за тековната година, со намена субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на сончев термален колектор.

(2) Финансиските средства од став (1) на овој член ќе се користат за надоместување на дел од трошоците на граѓаните на Општина Гази Баба направени при купување на сончев термален колектор од денот на објавување на јавниот повик се до 30 ноември во тековната година, односно до исцрпување на средствата предвидени во Буџетот на Општина Гази Баба за тековната година.

**Член 3**

Финансиските средства од член 1 на овој одлука ќе се користат за делумен надомест на средствата на граѓаните на Општина Гази Баба направени при купување на сончев термален колектор, во износ од 50% од вредноста на уредот, но не повеќе од 15.000,00 денари по домаќинство, со вклучен персонален данок на доход.

## II. ЈАВЕН ПОВИК

**Член 4**

(1) За реализирање на Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за тековната година, за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на сончев термален колектор, Општина Гази Баба објавува Јавен повик.

(2) Јавниот повик се објавува на веб страната на Општина Гази Баба (www.gazibaba.gov.mk) и во два печатени медиуми.

(3) Јавниот повик ќе трае од денот на објавувањето до 30 ноември во тековната година, односно до исцрпување на средствата предвидени за оваа намена во Буџетот на Општина Гази Баба.

(4) Јавниот повик ќе се реализира по редослед на аплицирање, односно по дата и време на аплицирање по принципот "прв дојден прв услужен".

(5) Доколку бидат исцрпени сите предвидени финансиски средства Општина Гази Баба ќе ја информира јавноста дека Јавниот повик е прекинат пред истекот на периодот за кој е објавен.

## III. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

**Член 5**

(1) Право на учество на јавниот повик имаат жителите на Општина Гази Баба кои ќе купат сончеви термални колекторски системи во својот дом во периодот од денот на објавување на јавниот повик се до исцрпување на финансиски средства наменети за оваа намена од Буџетот на Општина Гази Баба, но не подоцна од 30 ноември во тековната година, кои ќе ја достават потребната документација и кои ќе ги исполнат условите на овој одлука.

(2) Членовите на комисијата при утврдување на исполнување на условите од член 6 од оваа одлука, вршат обработка на личните податоци на подносителите дадени при пополнување на барањето за субвенција за купување на сончев колектор, врз основа на решенија за овластување за вршење обработка на лични податоци во Општина Гази Баба.

## IV. НАЧИН, УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

**Член 6**

(1) Барателот треба да го достави барањето и документацијата во прилог во затворен плик до "Комисија за надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Гази Баба за набавка и вградување на сончеви термални колектори" за тековната година во архивата на Општина Гази Баба, на адреса ул. "Архимедова" бр.2, секој работен ден од 07:30 до 16:30 часот.

(2) Барателот е потребно да ги исполни следните услови:

- да е жител на Општина Гази Баба,
- да нема искористено субвенции за купување на сончеви термални колекторски системи во својот дом од било кој друг извор на Репулика Северна Македонија,
- набавениот уред да биде купен во тековната година, во период од денот на објавување на јавниот повик се до исцрпување на финансиски средства наменети за оваа намена од Буџетот на Општина Гази Баба за тековната година, но не подоцна од 30 ноември во тековната година и истиот да биде инсталиран на адресата на живеење наведена во личната карта на барателот;
- да има платено данок на имот за станбениот објект во кој ќе биде инсталиран сончевиот термален колекторски систем заклучно со претходната година.

**Член 7**

(1) За надоместување на дел од трошоците и докажување дека условите се исполнети, барателот до Општина Гази Баба треба да достави:

- Пополнет образец за барање, кој може да се подигне од архивата на Општина Гази Баба или да се обезбеди преку интернет страната на Општината (www.gazibaba.gov.mk),
- фотокопија од лична карта на барателот,
- трансакциска сметка исклучиво лична на барателот (не ополномоштена од трето лице),
- оригинален доказ дека е извршено купување во тековната година и тоа со:
- - фискална сметка или
- - фактура со прилог уплатница или

- - фактура со прилог извод од деловна банка за извршена уплата во целост,
- нотарски заверена изјава дека нема искористено субвенции за купување и вградување на сончевиот термален колекторски систем во своето домаќинство од било кој извор на Репулика Северна Македонија и дека е согласен неговите лични податоци да се користат исклучиво за ова субвенционирање (пример од изјавата може да подигне од архивата на Општина Гази Баба или да се обезбеди преку интернет страната на општината (www.gazibaba.gov.mk),
- барање за издавање потврда за подмирени обврски по основ на данок на имот за станбениот објект каде што е инсталиран уредот заклучно со претхофдната година (барањето може да се подигне во архивата на Општина Гази Баба или да се обезбеди од интернет страницата на општината (www.gazibaba.gov.mk).

(2) Едно лице може да поднесе само едно барање за добивање на надоместок по домаќинство.

**Член 8**

(1) За утврдување на исполнување на условите од членот 6 од оваа одлука, Градоначалникот формира Комисија за спроведување на постапката за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на Општина Гази Баба за набавка и вградување на сончеви термални колектори за тековната година, составена од 5 члена (во натамошен текст:комисија) од редот на вработените во администрацијата на Општина Гази Баба.

(2) Членовите на комисијата при утврдување на исполнување на условите од член 6 од оваа одлука, вршат обработка на личните податоци на субјектите дадени при пополнувањена барањето за субвенции за купување на сончеви термални колекторски системи врз основа на решенија за овластување за вршење обработка на лични податоци во Општина Гази Баба.

**Член 9**

(1) Барањето за надоместување на дел од трошоците за купување на сончев термален колекторски систем заедно со потребната документација, граѓаните ги поднесуваат до комисијата преку архивата на Општина Гази Баба.

(2) Архивата на Општина Гази Баба примените барања ги евидентира со точното време на поднесување (датум, час и минута), заради воспоставување на редослед по кој ќе се разгледуваат барањата.

**Член 10**

(1) По објавување на јавниот повик, претседателот на комисијата свикува состанок согласно динамиката на пристигнатите барања, се до неговото завршување, на кои ќе се разгледуваат пристигнатите барања во однос на тоа дали ја имаат потребната документација.

(2) Комисија е должна постапката да ја спроведе во две фази:

– во **прватa фаза** ќе ги разгледа пристигнатите барања и документацијата во прилог со цел да утврди дали истите се уредни и комплетни и
– во **втората фаза** ќе изврши теренски увид кај сите баратели кои имаат доставено уредна и комплетна документација за да утврди дека ги исполниле условите од јавниот повик, а особено дека купениот сончев термален колектор е монтиран во живеалиштето според личната карта на барателот, дека станбениот објект не е во фаза на градба и во него барателот живее.

**Член 11**

(1) Врз основа на доставената документација и спроведената постапка, комисијата го утврдува исполнувањето на условите од член 6 од оваа одлука и доставува предлог до Градоначалникот на Општина Гази Баба за усвојување или неусвојување на барањето за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба.

(2) За барателите кои ги исполниле условите согласно јавниот повик, Градоначалникот на Општина Гази Баба на предлог на комисијата донесува решение за усвојување на барањето.

(3) За барателите кои не ги исполниле условите согласно јавниот повик, Градоначалникот на Општина Гази Баба на предлог на комисијата доставува известување за барателите за неусвојување на барањето.

**Член 12**

Општина Гази Баба, преку секторот за заштита на животната средина и природата и секторот за финансиски прашања, ќе води евиденција на сите доставени барања од физички лица за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба согласно оваа одлука и сите донесени решенија од страна на Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Член 13**

Оваа одлука влегува на сила со денот на објавување во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-351/9**
**од 28 јануари 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА КУПУВАЊЕ НА ВЕЛОСИПЕДИ**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на велосипеди, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28 јануари 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-462/8**
**од 28 јануари 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на педесет и треттата седница одржана на 28 јануари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА КУПУВАЊЕ НА ВЕЛОСИПЕДИ**

**Член 1**

Во Правилникот за користење на финасиските средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на велосипеди (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/23 и 2/24), во насловот и текстот, зборот ''правилник'' се заменува со зборот **''одлука''**.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-351/10**
**од 28 јануари 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ВГРАДУВАЊЕ НА УРЕДИ ЗА ТЕЧЕН ГАС/МЕТАН ИЛИ ДРУГ ВИД НА АЛТЕРНАТИВНО ГОРИВО ВО ВОЗИЛАТА**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на Општина Гази Баба, за вградување на уреди за течен гас/метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28 јануари 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-462/9**
**од 28 јануари 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на педесет и третата седница одржана на 28 јануари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ВГРАДУВАЊЕ НА УРЕДИ ЗА ТЕЧЕН ГАС/МЕТАН ИЛИ ДРУГ ВИД НА АЛТЕРНАТИВНО ГОРИВО ВО ВОЗИЛАТА**

**Член 1**

Во Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на Општина Гази Баба, за вградување на уреди за течен гас/метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/23), во насловот и текстот, зборот ''правилник'' се заменува со зборот **''одлука''**.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-351/11**
**од 28 јануари 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ДОМАЌИНСТВАТА НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА НАДОМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ТРОШОЦИТЕ ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ОЏАЦИ**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Правилникот за субвенционирање на домаќинствата на граѓаните на Општина Гази Баба, за надоместување на дел од трошоците за чистење на оџаци, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28 јануари 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-462/10**
**од 28 јануари 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на педесет и треттата седница одржана на 28 јануари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ДОМАЌИНСТВАТА НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА НАДОМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ТРОШОЦИТЕ ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ОЏАЦИ**

**Член 1**

Во Правилникот за субвенционирање на домаќинствата на граѓаните на Општина Гази Баба, за надоместување на дел од трошоците за чистење на оџаци (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/23), во насловот и текстот, зборот ''правилник'' се заменува со зборот **''одлука''**.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-351/12**
**од 28 јануари 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА КУПУВАЊЕ НА ВИСОКОЕФИКАСНИ ИНВЕРТЕР КЛИМА УРЕДИ**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на високоефикасни инвертер клима уреди, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28 јануари 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-462/11**
**од 28 јануари 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на педесет и треттата седница одржана на 28 јануари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА КУПУВАЊЕ НА ВИСОКОЕФИКАСНИ ИНВЕРТЕР КЛИМА УРЕДИ**

**Член 1**

Во Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на високоефикасни инвертер клима уреди (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/23), во насловот и текстот, зборот ''правилник'' се заменува со зборот **''одлука''**.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-351/13**
**од 28 јануари 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА КУПУВАЊЕ НА ПЕЧКИ НА ПЕЛЕТИ**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на печки на пелети, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28 јануари 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-462/12**
**од 28 јануари 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на педесет и треттата седница одржана на 28 јануари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА КУПУВАЊЕ НА ПЕЧКИ НА ПЕЛЕТИ**

**Член 1**

Во Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на печки на пелети (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/23), во насловот и текстот, зборот ''правилник'' се заменува со зборот **''одлука''**.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-351/14**
**од 28 јануари 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КРОВ ВО СТАНБЕНИТЕ ЗГРАДИ И КУЌИ НА ИНДИВИДУАЛНИ ДОМАЌИНСТВА ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за финансиска поддршка за реконструкција на кров во станбените згради и куќи на индивидуални домаќинства во социјален ризик на подрачјето на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28 јануари 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-462/13**
**од 28 јануари 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 3 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2025 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.24/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на педесет и треттата седница одржана на 28 јануари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КРОВ ВО СТАНБЕНИТЕ ЗГРАДИ И КУЌИ НА ИНДИВИДУАЛНИ ДОМАЌИНСТВА ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

(1) Со оваа одлука се утврдуваат условите, начинот и постапката за користење на финансиските средства утврдени во Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година, со намена за надоместување на трошоците направени при реконструкција на кров во станбените згради, и куќи на индивидуални домаќинства во социјален ризик, на подрачјето на Општина Гази Баба.

(2) Право на користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба согласно оваа одлука имаат заедниците на сопственици на посебни делови односно управителите на станбените згради, и сопствениците на куќи на индивидуални домаќинства во социјален ризик, на подрачјето на Општина Гази Баба, кои ги исполнуваат условите од оваа одлука и ја доставиле потребната документација.

**Член 2**

(1) Финансиските средства од член 1 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година, програма за локален економски развој, во износ од 1.400.000,00 денари.

(2) Финансиските средства од став 1 на овој член се доделуваат до нивно целосно искористување.

(3) Данокот на доход за физички лица го исплатува општина Гази Баба.

**Член 3**

(1) Финансиските средства од член 1 на оваа одлука, ќе се користат за делумен надомест на средствата на заедниците на сопственици на посебни делови и управителите на станбените згради, искористени за реконструкција на кров на станбена зграда, во износ од 50% од вредноста, но не повеќе од 700.000 денари за реконструкција на кров на станбена зграда.

(2) Финансиските средства од член 1 на оваа одлука, ќе се користат за делумен надомест на средствата на сопствениците на куќи на индивидуални домаќинства во социјален ризик, искористени за реконструкција на кров на куќа, во износ од 50% од вредноста, но не повеќе од 200.000 денари за реконструкција на кров на куќа.

## 2. НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

**Член 4**

(1) За реализирање на средствата од член 1 од оваа одлука, Општината објавува јавен повик.

(2) Јавниот повик се објавува на веб страната на општина Гази Баба и во 1(еден) печатен медиум.

(3) Јавниот повик ќе трае до 15.10.2025 година, односно до реализирање на финансиските средства за оваа намена, со достава на пријавите преку пошта или директно до писарница на општина Гази Баба, на адреса Архимедова 2, 1000 Скопје.

(4) При спроведување на постапката, согласно динамиката, јавноста ќе биде континуирано известувана за степенот на искористување на предвидените средства, односно за износот на преостанати средства на веб страната на Општина Гази Баба.

## 3. ПОСТАПКА, НАЧИН, УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

**Член 5**

(1) За утврдување на исполнувањето на условите за доделување на финансиските средства од членот 1 на оваа одлука, Градоначалникот на Општина Гази Баба формира Комисија од 5 (пет) члена и 1 (еден) технички секретар.

(2) Комисијата од став 1 на овој член е составена од претседател и 4 (четири) члена, и 1 (еден) технички секретар од редот на вработените во администрацијата на Општината.

**Член 6**

Комисијата има право и должност да ги провери податоците во барањето, да изврши увид во соодветноста на документацијата и доколку е потребно да се консултира со стручни лица или овластени лица да направат увид на лице место, како и да бара друга дополнителна документација. За својата работа Комисијата составува записник.

**Член 7**

(1) Апликацијата за надоместување на трошоците направени при реконструкција на кров на станбена зграда, заедниците на сопственици и управителите на станбените згради го поднесуваат заедно со потребната документација, во затворен плик преку писарница на Општина Гази Баба до комисијата за спроведување на постапката од член 5 став 1 од оваа одлука.

(2) Апликацијата за надоместување на трошоците направени при реконструкција на кров на куќа, сопствениците на куќи на индивидуални домаќинства во социјален ризик го поднесуваат заедно со потребната документација, во затворен плик преку писарница на Општина Гази Баба до комисијата за спроведување на постапката од член 5 став 1 од оваа одлука.

(3) Општина Гази Баба примените барања ги евидентира со точното време на поднесување (датум, час и минута), заради воспоставување редослед по кој ќе се разгледуваат и прифаќаат барањата.

(4) Кон барањето подносителот - заедница на сопственици на станови или управител на станбената зграда, е должен да ја поднесе следната документација:

- Пополнета апликација - Образец, потпишана од претседателот на заедница на сопственици или управител;
- Листа со потписи на сопственици на станбени единици за учество во проектот;

- Решение од Централен Регистар за Заедница на сопственици или Управителот, не постара од 2 месеци ;
- Годишен финансиски извештај за 2024 година;
- Изјава за старост на колективниот станбен објект, дадена и потпишана од овластено лице за застапување;
- Одлука за согласност за реконструкција на кров на зграда донесена од заедница на сопственици на посебни делови на станбената зграда;
- Одлука за кофинансирање со сопствени средства за дел од вкупните средства за реконструкција на кров на станбена зграда, донесена од сопствениците на посебни делови на станбената зграда;
- Имотни листови не постари од 2 месеци на сите сопственици на станови во зградата кои дале согласност;
- Потврда од општината за евиденција во регистарот на станбени згради;
- Решение за реконструкција на кров - за ова е неопходно да се изработи техничка документација за реконструкција на кров согласно законот за градење и да се аплицира во секторот за урбанизам и градежно земјиште на Општина Гази Баба за добивање на решение за реконструкција на кров на станбена зграда;
- Понуди од три економски оператори за реконструкција на кровот;
- Копија од жиро сметката на заедницата на сопственици односно копија од жиро сметката што ја отворил управителот за потребите на станбената зграда;
- Договор за управувачки услуги (доколку работите на управување со станбената зграда се доверени на управител);
- Изјава заверена на нотар од подносителот на барањето (претседателот на заедницата на сопственици на посебни делови односно управителот на станбената зграда) дека нема користено финансиски средства за било која намена од Буџетот на општина Гази Баба во периодот пред објава на Јавниот Повик.

(5) Критериуми и услови за учество на заедница на сопственици на станови или управители на станбена зграда на јавниот повик кои треба целосно да бидат исполнети, се следните:

- Станбените згради за колективно домување да бидат постари од 20 години;
- Заедницата на сопственици на посебните делови на станбената зграда треба да имаат донесено Одлука за согласност за реконструкција на кров на станбената зграда, со достава на список со своерачни потписи од минимум 50% + 1 од сопствениците на посебните делови;
- Заедницата на сопственици на посебните делови на станбената зграда треба да имаат донесено Одлука за кофинасирање со сопствени средства за делот од вкупниот износ за реконструкција на кровот на станбената зграда, со достава на список со своерачни потписи од минимум 50% + 1 од сопствениците на посебните делови;
- Решение за реконструкција на кров на станбена зграда;
- Имотен лист со кој се докажува сопственоста.

(6) Кон барањето подносителот - сопственикот на куќа на индивидуално домаќинство во социјален ризик, е должен да ја поднесе следната документација:

- Пополнета апликација - Образец, потпишана од сопственик на куќа на индивидуално домаќинство во социјален ризик;
- Фотокопија на лична карта од сопственикот на куќата;

- Изјава за старост на индивидуалната куќа потпишана од сопственикот на куќата;
- Изјава за согласност за реконструкција на кров на куќа од сопственикот на куќата;
- Изјава за кофинансирање со сопствени средства за дел од вкупните средства за реконструкција на кров на куќа од сопственикот на куќата;
- Имотен лист не постар од 2 месеци за сопственоста на индивидуалната куќа;
- Решение за реконструкција на кров - за ова е неопходно да се изработи техничка документација за реконструкција на кров согласно законот за градење и да се аплицира во секторот за урбанизам и градежно земјиште на Општина Гази Баба за добивање на решение за реконструкција на кров на индивидуална куќа;
- Понуди од три економски оператори за реконструкција на кровот;
- Копија од Трансакциска сметка на сопственикот на куќа;
- Потврда од Центар за социјални работи - подрачна единица Гази Баба за примање на социјална помош од сопственикот на индивидуалната куќа;
- Изјава заверена на нотар од подносителот на барањето (сопственик на куќа на индивидуално домаќинство во социјачен ризик) дека нема користено финансиски средства за било која намена од Буџетот на општина Гази Баба во периодот пред објава на Јавниот Повик.

(7) Критериуми и услови за учество на сопствениците на куќи на индивидуално домаќинство во социјален ризик на јавниот повик кои треба целосно да бидат исполнети, се следните:

- Индивидуалните куќи да бидат постари од 20 години;
- Сопствениците на индивидуалната куќа треба да имаат донесено Изјава за согласност за реконструкција на кров на индивидуалната куќа;
- Сопствениците на индивидуалната куќа треба да имаат донесено Изјава за кофинасирање со сопствени средства за делот од вкупниот износ за реконструкција на кровот на индивидуалната куќа;
- Решение за реконструкција на кровна индивидуална куќа;
- Имотен лист со кој се докажува сопственоста.

(8) При теренска проверка од страна на Комисијата од член 5 став 1, што задолжително ќе се спроведе кај сите баратели кои ќе ги задоволат условите на првичната проверка, барателот треба да овозможи пристап до станбената зграда, односно индивидуалната куќа.

**Член 8**

(1) По објавата на јавниот повик, претседателот на Комисијата свикува седница на која ќе се разгледуваат сите пристигнати барања.

(2) Комисијата ќе работи согласно принципот **„прв дојден прв услужен“**.

**Член 9**

(1) Врз основа на доставената документација и спроведената постапка од страна на Комисијата, а согласно условите и критериумите од членот 7 и членот 8 на оваа одлука, градоначалникот на Општина Гази Баба носи решение доколку барањето се усвојува, а во случај на неусвојување на барањето, барателот писмено се известува за неусвојувањето, со образложение на причините.

(2) Подносителот на барањето е должен по приемот на решението со кое се усвојува барањето, да склучи договор со економски оператор и за тоа да ја извести комисијата од член 5 став 1 од оваа одлука.

(3) Доколку согласно ставот 1 од овој член подносителот на барањето не постапи согласно став 2 од овој член, решението ќе се поништи.

**Член 10**

Општина Гази Баба, финансиските средства од член 1 од оваа одлука ќе ги исплати на жиро сметката односно трансакциска сметка која е приложена кон барањето, веднаш по реконструкцијата на кровот на конкретната станбена зграда односно индивидуална куќа од страна на економскиот оператор изведувач на работите.

**Член 11**

Општина Гази Баба, преку Комисијата од член 5 став 1, ќе води евиденција на сите доставени барања, согласно оваа одлука и сите донесени решенија од страна на градоначалникот на Општина Гази Баба.

## 4. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 12**

Оваа одлука влегува на сила со денот на објавување во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-351/15**
**од 28 јануари 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО
ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,
НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2025 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28 јануари 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-462/14
од 28 јануари 2025 година
Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 99 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 101/21, 153/23, 61/24, 224/24 и 233/24), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на педесет и треттата седница одржана на 28 јануари 2025 година, донесе

## П Р О Г Р А М А

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА

1. Во Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2025 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.24/24), во дел А Просторен опфат и предмет на програмата, графичкиот прилог со опфатени урбанистички планови и урбанистички плански документации, се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| 1 | УПВНМ Заобиколница од клучка Хиподром до клучка Синѓелиќ<br>(Одлука бр. 09-2755/11 од 20.07.2017 год.) |
| 2 | ДУП „Маџари-Хиподром“<br>(Одлука на Совет бр. 07-293/3 од 29.01.2008 год.) |
| 3 | ДУП „СРЦ Железара“<br>(Одлука на Совет бр. 07-1433/13 од 30.03.2011 год.) |
| 4 | ДУП за градска четврт СИ 07 (Одлука на Совет бр. 09-4746/8 од 21.12.2015 год.) |
| 5 | ДУП за дел од МЗ. „Маџари 2“,УБ 5<br>(Одлука бр. 07-3980/14 од 26.10.2011 год.) |
| 6 | ДУП за СИ 10 (локалитет Хиподром)<br>(Одлука на Совет бр. 07-4426/5 од 17.11.2014 год.) |
| 7 | ДУП за градска четврт СИ 04 блок 3 (Одлука на Совет бр. 09-660/13 од 22.02.2016 год.) |
| 8 | АРХИТЕКТОНСКО-УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ за формирање на една градежна парцела со намена Г2, Г3 и Г4 од ГП 5.3, 5.4, 5.5 и 5.6 од УПВНМ за изградба на Индустриска зона на локалитет заобиколница од клучка "Хиподром" до клучка "Сингелиќ" -Општина Гази Баба<br>(Одлука бр. 09-2755/11 од 20.07.2017 год. и Потрвда бр. 28-3/942/23 од 14.09.2020 година) |
| 9 | УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО-СПОРТСКО РЕКРЕАТИВЕН ЦЕНТАР ГАЗИ БАБА |
| 10 | ДУП “Градска Четврт С26 Блок 01” Општина Гази Баба-Скопје, Плански Период (2018-2023)<br>(Одлука на Совет бр.09-106/3 од 08.01.2025 год.) |

2.Во точка 2.Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на програмата (групирани по населено место и урбанистички план), графичкиот прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет, идентификувани со број на градежните парцели, се менува и гласи:

| Ред. број | Градежни парцели | Намена | Урбан блок, локалитет, населено место | Назив на план | Број на гр. парцели |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 1.6 до 17.10 | Б2- големи трговски единици Г2, Г3, Г4- лесна и незагадувачка индустрија, сервиси, стоваришта | Заобиколница | УПВНМ Заобиколница од клучка Хиподром до клучка Синѓелиќ (Одлука бр. 09-2755/11 од 20.07.2017 год.) | 40 |
| 2 | 1.10 | А4 – времено сместување | КО Гази Баба | ДУП „СРЦ Железара“ (Одлука на Совет бр. 07-1433/13 од 30.03.2011 год.) | 1 |
| 3 | 1.1 | Е2 – катна гаража | КО Гази Баба | ДУП „СРЦ Железара“ (Одлука на Совет бр, 07-1433/13 од 30.03.2011 год.) | 1 |
| 4 | 2.2 | Б2- големи трговски единици | КО Маџари | ДУП за градска четврт СИ 07 (Одлука на Совет бр, 09-4746/8 од 21.12.2015 год) | 1 |
| 5 | 1.1 | Б 6- градби за собири | КО Маџари | ДУП за СИ 10 (локалитет Хиподром) (Одлука на Совет бр. 07-4426/5 од 17.11.2014 год.) | 1 |
| 6 | 2.21 | В3- дом на култура | КО Сингелиќ 1 | ДУП за дел од МЗ. „Маџари 2“,УБ 5 (Одлука бр. 07-3980/14 од 26.10.2011 год.) | 1 |
| 7 | 2.7 | А3- групно домување | КО Маџари | ДУП за градска четврт СИ 07 (Одлука на Совет бр. 09-4746/8 од 21.12.2015 год.) | 1 |
| 8 | 2.5 и 2.6 | А2 – домување во станбени згради | КО Маџари | ДУП за градска четврт СИ 07 (Одлука на Совет бр, 09-4746/8 од 21.12.2015 год.) | 2 |
| 9 | 9.9; 11.1; 11.3;11.4; 11.5 и 11.6 | А2 – домување во станбени згради | КО Маџари | ДУП „Маџари-Хиподром“ (Одлука на Совет бр. 07-293/3 од 29.01.2008 год.) | 6 |
| 10 | 9.1 | Б2-големи трговски единици | КО Маџари | ДУП „Маџари-Хиподром“ (Одлука на Совет бр. 07-293/3 од 29.01.2008 год.) | 1 |
| 11 | 9.11 | Б1-мали комерцијални и деловни единици | КО Маџари | ДУП „Маџари-Хиподром“ (Одлука на Совет бр. 07-293/3 од 29.01.2008 год.) | 1 |
| 12 | Од 3.2 до 3.16 (8 локации) | А1 – домување во семејни куќи | КО Маџари | ДУП „Маџари-Хиподром“ (Одлука на Совет бр. 07-293/3 од 29.01.2008 год.) | 8 |
| 13 | Од 4.08 до 4.52 (27 локации) | А1 – домување во семејни куќи | КО Маџари | ДУП „Маџари-Хиподром“ (Одлука на Совет бр. 07-293/3 од 29.01.2008 год.) | 27 |
| 14 | Од 5.2 до 5.41 (25 локации) | А1 – домување во семејни куќи | КО Маџари | ДУП "Маџари-Хиподром " (Одлука на Совет бр.07-293/3 од 29.01.2008 год.) | 25 |
| 15 | Од 6.1 до 6.37 (32 локации) | А1 – домување во семејни куќи | КО Маџари | ДУП "Маџари-Хиподром " (Одлука на Совет бр.07-293/3 од 29.01.2008 год.) | 32 |
| 16 | Од 10.1 до 10.28 (21 локации) | А1 – домување во семејни куќи | КО Маџари | ДУП „Маџари-Хиподром“ (Одлука на Совет бр. 07-293/3 од 29.01.2008 год.) | 21 |
| 17 | Од 11.10 до 11.73 (55 локации) | А1 – домување во семејни куќи | КО Маџари | ДУП „Маџари-Хиподром“ (Одлука на Совет бр. 07-293/3 од 29.01.2008 год.) | 55 |
| 18 | 5 (3,4,5,6) | Г- производство, дистрибуција и сервиси<br>Г2 -лесна индустрија<br>Г3-сервиси<br>Г4-стоваришта | КО Инџиково | АРХИТЕКТОНСКО-УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ<br>за формирање на една градежна парцела<br>со намена Г2, Г3 и Г4 од ГП 5.3, 5.4, 5.5 и 5.6<br>од УПВНМ за изградба на Индустриска зона на<br>локалитет заобиколница од клучка "Хиподром"<br>до клучка "Сингелиќ" -Општина Гази Баба (Потрвда бр. 28-3/942/23 од 14.09.2020 година) | 1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 19 | 54 и 58 | В2- здравсто и социјална заштита<br>Б2- големи трговски единици | КО Маџари | ДУП за градска четврт СИ 04 Блок 3 (Одлука на Совет бр. 09-660/13 од 22.02.2016 год.) | 2 |
| 20 | 1.1<br>2.2<br>2.3<br>Од 3.1 до 3.9 | Б5- хотелски комплекс<br>А4-времено сместување<br>Д3-спорт и рекреација ( на отворено)<br>Е2 –комунална супраструктура | КО Стајковци<br>КО Црешево | УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО-СПОРТСКО РЕКРЕАТИВЕН ЦЕНТАР ГАЗИ БАБА | 12 |
| 21 | 1.1<br>1.2 | Е2 -комунална супраструктура(станица за технички преглед)<br>Г3-Сревиси | КО Маџари | ДУП “Градска Четврт С26 Блок 01” Општина Гази Баба-Скопје, Плански Период (2018-2023) (Одлука на Совет бр.09-106/3 од 08.01.2025 год.) | 2 |

3. По графичкиот и текстуален дел на УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО - СПОРТСКО РЕКРЕАТИВЕН ЦЕНТАР ГАЗИ БАБА, се додава следниот графички и текстуален дел:

- **ДУП “Градска Четврт С26 Блок 01” Општина Гази Баба - Скопје, Плански Период (2018-2023)**




| Бр. на ГП | Површина на ГП (м²) | Површна под градба (м²) | Процент на изграденост | Изградена површина (м²) | Коефицие нт на искористе ност | Намена на замјиште | | Максимална висина на градба/ бр. на катови | Почетна единечна цена | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Основна | компати билна | | | |
| **1.1** | **3302** | **2312** | **70** | **4623** | **1,4** | Е2 –комунална супраструктура(станица за технички преглед) | | **12.00/ П+1** | **2600** | **8.585.200,00** |
| **1.2** | **1605** | **1123** | **70** | **2247** | **1.4** | **Г3-Сервиси** | **Б1, Б2, Б4, Д2, Д3, Д4, Г2, Г4** | **8.00/ П+1** | **61** | **97.905,00** |

4. Во точка 5. Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на програмата, прегледот се менува и гласи:

| Бр. | Населено Место (Локалитет) | Проценка на финансиски приходи ( о денари) |
|---|---|---|
| 1 | Населба Хиподром 2 | 49.000.000,00 |
| 2 | Населба Железара | 24.000.000,00 |
| 4 | Населба Маџари | 39.558.000,00 |
| 5 | Населба Ченто | 20.000.000,00 |
| 6 | Заобиколница | 25.000.000,00 |
| 7 | Спортско Рекреативен Центар Гази Баба | 90.000.000,00 |
| ВКУПНО | | 247.558.000,00 |

5. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-351/16**
**од 28 јануари 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА ВО ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СИ 12, БЛОК 02 - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ОПШТИНА АЕРОДРОМ - СКОПЈЕ (Одлука бр.09-2312/7 од 30.04.2024 година) ЗА ГП 2.1**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Техничка исправка во ДУП за градска четврт СИ 12, Блок 02 - Општина Гази Баба, Општина Аеродром - Скопје (Одлука бр.09-2312/7 од 30.04.2024 година) за ГП 2.1, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28 јануари 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-462/15**
**од 28 јануари 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (6) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24), член 36 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на педесет и треттата седница одржана на 28 јануари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА ВО ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СИ 12, БЛОК 02 - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ОПШТИНА АЕРОДРОМ - СКОПЈЕ (Одлука бр.09-2312/7 од 30.04.2024 година) ЗА ГП 2.1**

**Член 1**

(1) Со оваа одлука се донесува Техничка исправка во ДУП за градска четврт СИ 12, Блок 02 - Општина Гази Баба, Општина Аеродром - Скопје (Одлука бр.09-2312/7 од 30.04.2024 година) за ГП 2.1.

(2) Предлогот за Техничка исправка во ДУП за градска четврт СИ 12, Блок 02 - Општина Гази Баба, Општина Аеродром - Скопје (Одлука бр.09-2312/7 од 30.04.2024 година) за ГП 2.1, во целост е изработен во согласност со Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24) и Правилникот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25) како и други важечки прописи и нормативи од областа на урбанистичкото планирање.

**Член 2**

(1) Во ДУП за градска четврт СИ 12, Блок 02 - Општина Гази Баба, Општина Аеродром - Скопје донесен со Одлука бр.09-2312/7 од 30.04.2024 година, евидентирана е неусогласеност во планската документација, за формираната градежна парцела со број 2.1, неточно е исчитана површината на градежна парцела, односно исцртаната површина на градежна парцела која изнесува 5.834 м² согласно графичкиот дел, во табелите за нумерички податоци е внесена како 5.704 м².

(2) Следствено на оваа неусогласеност, во табелите од нумеричкиот дел кои дефинираат вкупни податоци на ниво на блок, се јавува неусогласеност во збирните параметри за површина на намената Е 1.6 - канализациски инфраструктури: пречистителна станица.

**Член 3**

Предлогот за Техничка исправка во ДУП за градска четврт СИ 12, Блок 02 - Општина Гази Баба, Општина Аеродром - Скопје (Одлука бр.09-2312/7 од 30.04.2024 година) за ГП 2.1, со Тех.бр. 0801-05-04/21/ТИ-2 од 01/2025 година, изготвен од Друштво за производство, трговија и услуги ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ ДОО Битола, содржи:

**СОДРЖИНА**

Насловна страна
Податоци за изработувачот
- Работен тим
- Регистрација на фирмата
- Лиценца на фирмата
- Овластувања на вработените

Известување бр.28-3/4619 од 04.12.2024 година

ИЗВОД ОД ДУП

**ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА**
- Вовед
- Планирана состојба според усвоена планска документација
- Техничка исправка

**Прилози:**
- Планска документација - текстуален и нумерички дел според план
- Регулационен план, план на намена на земјиштето и градбите, план на површини за градење и план на зеленило според план
- Синтезен план според план
- Планска документација - текстуален и нумерички дел според план
- Регулационен план, план на намена на земјиштето и градбите, план на површини за градење и план на зеленило според техничка исправка
- Синтезен план според техничка исправка.

**Член 4**

Одлуката за донесување на Техничка исправка во ДУП за градска четврт СИ 12, Блок 02 - Општина Гази Баба, Општина Аеродром-Скопје (Одлука бр.09-2312/7 од 30.04.2024 година) за ГП 2.1, задолжително се прикачува во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам од страна на донесувачот на техничката исправка.

**Член 5**

Донесувачот на Одлуката за донесување на Техничка исправка во ДУП за градска четврт СИ 12, Блок 02 - Општина Гази Баба, Општина Аеродром - Скопје (Одлука бр.09-2312/7 од 30.04.2024 година) за ГП 2.1, е должен примерок од донесената Техничка исправка во електронска форма да ја објави на својата веб страна.

**Член 6**

Техничката исправка е составен дел на Деталниот урбанистички план, кој се применува во форма на пречистена верзија на планот односно како основниот план во кој е вградена техничката исправка, за кој што важат истите одредби за предавање, објавување, презентирање, преклопување, применување и чување на урбанистички планови.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-351/17**
**од 28 јануари 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

**О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А**
Сектор за урбанизам и градежно земјиште
Одделение за урбанистичко планирање
Бр.28–3/281 од 21.01.2025 година
**С К О П Ј Е**

**ПРЕДМЕТ: Потврда за одобрување на Урбанистички проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба : Новопланиран СН10(20)кV кабелски подземен вод од кабелска спојница до новопланирана трафостаница ТС 10(20)/0,4 kV на КП752/1 КО Инџиково, КО Инџиково-вгр, Општина Гази Баба**

Согласно член 62, став 7 и став 10, од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 32/20, 111/23 и 171/24), се одобрува Урбанистички проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба : Новопланиран СН10(20)кV кабелски подземен вод од кабелска спојница до новопланирана трафостаница ТС 10(20)/0,4 kV на КП752/1 КО Инџиково, КО Инџиково-вгр, Општина Гази Баба, со тех.бр. Е-114/24-у.п. од Ноември 2024 година, со површина на проектен опфат од 467 м$^2$, изработен од Друштво за производство, трговија и услуги ЕЛЕКТРО ДИЗАЈН ДООЕЛ Охрид, доставен преку информациски систем за е-урбанизам број на постапка бр. 63963.

**Напомена:**
Со оваа Потврда престанува да важи Потврдата со арх. бр. 28-3/2895/7 од 17.12.2024 година. (поради техничка грешка)

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**Бобан Стефковски**

# СОДРЖИНА


**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје кои имаат статус на даватели на услуги, помошно - технички персонал и административни службеници за 2025 година . . . . . . . . 2

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за четвртото тримесечје од 2024 година . . . . . . . . 4

**ОДЛУКА** за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи, давателите на јавни услуги, помошно-техничкиот персонал и директорите во јавните установи за деца - детски градинки во Општина Гази Баба, за 2025 година . . . . . . . . 6

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за именување на претставници од советот на родители во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје . . . . . . . . 8

**ОДЛУКА** за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2025 година . . . . . . . . 10

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР** за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година; . . . . . . . . 12

**ОДЛУКА** за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба, за набавка и вградување на сончеви термални колектори . . . . . . . . 15

**ОДЛУКА** за изменување на Правилникот за користење на финасиските средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на велосипеди . . . . . . . . 20



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 02/25**
**53 седница**

Издавач Општина Гази Баба | главен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж :10 примероци

# СОДРЖИНА


**ОДЛУКА** за изменување на Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на Општина Гази Баба, за вградување на уреди за течен гас/метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата . . . .22

**ОДЛУКА** за изменување на Правилникот за субвенционирање на домаќинствата на граѓаните на Општина Гази Баба, за надоместување на дел од трошоците за чистење на оџаци . . . . . . . . . . .24

**ОДЛУКА** за изменување на Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на високоефикасни инвертер клима уреди . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .26

**ОДЛУКА** за изменување на Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на печки на пелети . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .28

**ОДЛУКА** за финансиска поддршка за реконструкција на кров во станбените згради и куќи на индивидуални домаќинства во социјален ризик на подрачјето на Општина Гази Баба . . . . . . . . .30

**ПРОГРАМА** за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2025 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .36

**ОДЛУКА** за донесување на Техничка исправка во ДУП за градска четврт СИ 12, Блок 02 - Општина Гази Баба, Општина Аеродром - Скопје (Одлука бр.09-2312/7 од 30.04.2024 година) за ГП 2.1 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .41

**ОБЈАВИ** од сектор за урбанизам и градежно земјиште . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .43



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 02/25**

Издавач Општина Гази Баба | главен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж :10 примероци

e-mail: contact@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk